Република Македонија
**Министерство за здравство**

[redacted]

Бр. 17-1212/2

03-03-2015 2015 год

Скопје


Министерство за здравство

50-та Дивизија бр,14
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3112 500
Сајт: www.moh.gov.mk


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Примено: 11.03.2015
Орг. единица
18-227/3

**До**
**Државен завод за ревизија**
**Скопје**

**Предмет:** Нацрт извештајот за извршена РУ

Архивски знак
Рок на чување
20 год.
Потпис

Почитувани,

Во врска со нацрт извештајот за извршена ревизија на успешност на тема „Имплементација на проектните активности за набавка на најсовремена медицинска опрема за потребите на јавните здравствени установи, влијанието врз нивното работење и здравствената заштита на граѓаните", во рокот од 30 дена од денот на приемот на нацрт извештајот, Ве известуваме за следното:

Државниот завод за ревизија во цитираниот нацрт извештај за извршената ревизија на успешност дава препорака Министерството за здравство да преземе соодветни мерки согласно потребите и можностите за кадровско доекипирање на секторите надлежни за планирање и утврдување приоритети за медицинска опрема по јавни здравствени установи, следење на реализацијата на договорите за јавни набавки и водење евиденција за набавената опрема.

Во врска со оваа препорака Министерството за здравство Ве известува дека е посветено на зајакнување на споменатите човечки ресурси и континуирано прави напори во тој правец.

Во тој контекст Ве информираме дека во тек е спроведување на постапка за вработување на државен советник за медицинска опрема и јавни набавки, поведена со јавен оглас бр.127/2015 објавен на 09.02.2015 год. На 19.02.2015 год. беше спроведена административна селекција на пријавените кандидати. Испитот со уредните кандидати ќе се одржи на 05.03.2015 год., по што на 06.03.2015 год. ќе биде спроведено интервју со петте најуспешни кандидати. Потоа следува полагање на психолошки тест и тест на интегритет и донесување на одлука за избор. Се очекува постапката за вработување на државниот советник за медицинска опрема и јавни набавки да биде завршена до крајот на март 2015 год.

Исто така, во тек е спроведување на постапка за вработување на еден извршител на работно место со звање соработник во Секторот за медицинска опрема, поведена со јавен оглас бр.75/2015 објавен на 04.02.2015 год. На 13.02.2015 год. беше спроведена административна селекција на пријавените

кандидати. Испитот со уредните кандидати се одржи на 26.02.2015 год., по што на 04.03.2015 год. ќе биде спроведено интервју со петте најуспешни кандидати.

Истовремено, сакаме да нагласиме дека Министерството за здравство максимално ги користи расположливите ресурси во однос на вработените лица и со успех ги спроведува сите активности поврзани со медицинската опрема.

Причината за непополнетост на систематизираните работни места е почитувањето и делувањето на Министерството за здравство во согласност со антикризната политика на Владата на Република Македонија за намалување, односно незголемување на бројот на вработените во јавната администрација, како и фактот дека за наведените работни места се бараат професионалци со специфично знаење и работно искуство, кои на „пазарот на работна сила" во Република Македонија тешко се наоѓаат. Но, со постојните законски решенија и проактивната „политика" на Министерството за здравство се поттикнуваат докторите да преминуваат од приватни здравствени установи во јавни здравствени установи. Исто така, сакаме да потенцираме дека постојните вработени кои се овластени да вршат работи поврзани со медицинската опрема, постигнуваат да ги извршуваат работите поврзани со медицинската опрема, за што„сведочат" досега постигнатите резултатите на ова поле.

Во овој контекст треба да се истакне дека препознавањето на Министерството за здравство на потребата од постоење на посебен сектор за медицинска опрема, кој е формиран со последните измени и дополнувања на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, ја покажува свесноста на Министерството за здравство за значајноста на новата медицинска опрема во функција на квалитетот на здравствените услуги и определбата на Министерството и на тој начин да придонесе за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

Државниот завод за ревизија во цитираниот нацрт извештај за извршената ревизија на успешност дава препорака Министерството за здравство да донесе пишани процедури за начинот на прием и испорака на медицинската опрема за потребите на јавните здравствени установи со кои детално ќе се регулира начинот и постапката за прием на опремата.

Во врска со оваа препорака Ве известуваме дека со Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/2015), е пропишана обврска за јавните здравствени установи за задолжително водење на регистар на медицинска опрема преку следните законски одредби:

**„Евиденција на медицинска опрема**

**Член 92-а**

(1) Јавните здравствени установи се должни да водат евиденција на медицинската опрема со која располагаат и со која ја вршат здравствената дејност.

(2) Евиденцијата на медицинската опрема од став (1) на овој член содржи особено податоци за: тип на опремата, опис на опремата, во која специјалност, односно супспецијалност се користи, дали за користењето на опрема е потребно закажување преку електронската листа на закажани прегледи и интервенции, годината на производство, назив на производителот, година на набавка, датум на склучување на договорот за набавка, односно на договорот за донација и архивскиот број под кој е заведен договорот, набавна цена на медицинската опрема, датум на склучување на договорот за одржување на медицинската опрема и архивскиот број под кој е заведен договорот, стапка на амортизација, број на извршени поправки, заменети делови и степен на искористеност.

(3) Евиденцијата на медицинската опрема од став (1) на овој член се води континуирано и секоја промена се внесува веднаш по настанувањето, а најдоцна во рок од 12 часа.

(4) Јавните здравствени установи секој месец ги внесуваат податоците од евиденцијата од став (1) на овој член во интегрираниот здравствен информатички систем востановен согласно со прописите за евиденциите од областа на здравството.

(5) Начинот на водење на евиденцијата на медицинската опрема, како и видот, формата и содржината на обрасците за водење на евиденцијата на медицинската опрема од став (1) на овој член ги утврдува министерот за здравство.

(6) По донесувањето на подзаконскиот акт од став (5) на овој член, Министерството за здравство е должно веднаш да го објави на веб страницата на Министерството и во „Службен весник на Република Македонија".

**Користење на евиденцијата на медицинска опрема**

**Член 92-б**

(1) Евиденцијата на медицинска опрема од член 92-а од овој закон се користи од работоводниот орган на јавната здравствена установа за планирање на користење на постојната медицинска опрема и за планирање на набавка на нова медицинска опрема, како и од Министерството за здравство.

(2) Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се должни при изготвувањето на предлог на планот за јавни набавки на

медицинска опрема, да ги користат податоците од евиденцијата на медицинска опрема од член 92-а од овој закон, како и податоците за потребата од нова медицинска опрема утврдена врз основа на анализа на податоците од интегрираниот здравствен информатички систем.

### Обврски на директорот и здравствените работници во однос на медицинската опрема

### Член 92-в

(1) Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се должни да овозможат ставање во функција и користење на медицинската опрема заради вршење на здравствена дејност на здравствените работници кои вршат специјалистичко-консултативна дејност и на здравствените работници кои вршат интервенции и хируршки интервенции.

(2) Здравствените работници кои вршат специјалистичко-консултативна дејност и здравствените работници кои вршат интервенции и хируршки интервенции се должни да ја користат медицинската опрема заради вршење на здравствена дејност.

(3) Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се должни да ја одржуваат медицинската опрема во исправна состојба во секое време со цел да обезбеди континуираност на здравствената заштита и да обезбедат одржување на медицинската опрема со која располага јавната здравствена установа со која тие раководат.

(4) Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се должни медицинската опрема која е неисправна да ја доведат во исправна состојба во рок од еден до седум дена од денот на настапувањето на неисправноста во зависност од видот на неисправноста, а на пациентите за кои бил закажан термин преку електронската листа на закажани прегледи и интервенции да им обезбеди преглед или интервенција со друга медицинската опрема од ист тип во рамки на истата или во рамки на друга јавна здравствена установа или преглед или интервенција со поправената медицинска опрема веднаш по нејзиното ставање во исправна состојба.

(5) Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се должни да доставаат писмено известување до Министерството за здравство за секоја неисправност на медицинската опрема во рок не подолг од 24 часа од часот кога настапила неисправноста.

(6) Директорот, односно директорите на јавната здравствена установа се должни да обезбедат во електронската листа на закажани прегледи и интервенции да биде внесен податокот дека одредена медицинска опрема е во неисправна состојба веднаш по настапувањето на неисправноста.

(7) Лицата кои ја водат, објавуваат и ажурираат електронската листа на закажани прегледи и интервенции се должни да го внесат податокот дека

одредена медицинска опрема е во неисправна состојба веднаш по настапувањето на неисправноста."

За неисполнувањето на овие обврски, предвидени се и следните прекршочни одредби:

„Член 313-а

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:

........15) лицата кои ја водат, објавуваат и ажурираат електронската листа на закажани прегледи и интервенции нема да го внесат податокот дека одредена медицинска опрема е во неисправна состојба веднаш по настапувањето на неисправноста согласно член 92-в став (7) од овој закон;....

(2) Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршок од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице ако се повтори прекршокот од ставот (1) на овој член.

(4) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице, ако:

....6) не достави писмено известување до Министерството за здравство за секоја неисправност на медицинската опрема во рок не подолг од 24 часа од часот кога настапила неисправноста согласно член 92-в став (5) од овој закон и не обезбеди во електронската листа на закажани прегледи и интервенции да биде внесен податокот дека одредена медицинска опрема е во неисправна состојба веднаш по настапувањето на неисправноста согласно член 92-в став (6) од овој закон.....

(5) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице ако се повтори прекршокот од ставот (4) на овој член.

Врз основа на член 92-а став (5) од Законот за здравствената заштита министерот за здравство донесе Правилник за начинот на водење на евиденцијата на медицинската опрема, како и видот, формата и содржината на обрасците за водење на евиденцијата на медицинската опрема, кој содржи одредби и за начинот на прием и испорака на медицинската опрема за потребите на јавните здравствени установи.

Регистарот на медицинската опрема е воставен и меѓу останатото содржи и фотографии на целокупната медицинска опрема, односно на секој апарат поединечно, фотографиран на начин што апаратот се гледа во целина

(гро-план), со јасно видлив и читлив серискиот број на апаратот и/или неговиот инвентарен број.

Министерството за здравство и досега, односно до пред влегувањето во сила на измените и дополнувањата на Законот за здравствената заштита водеше евиденција и ја следеше состојбата со медицинската опрема, што е констатирано и од Државниот завод за ревизија во нацрт ревизорскиот извештај, каде во последниот пасус на страница број 22 е наведено дека прегледите на медицинската опрема содржат податоци за склучени договори, за видот на опремата и вредноста на истата. Последните измени на Законот за здравствената заштита, цитирани погоре во овој допис, обврската за водење евиденција и следење на состојбата ја издигнаа на ниво на законски пропишана обврска. Со предлагањето на овие законски измени Министерството за здравство и Владата на Република Македонија ја покажаа својата определба грижата за медицинската опрема да биде .

Имено, Министерството за здравство континуирано прибира и анализира податоци во секое време за опремата и тоа каде е опремата и какви се потребите за нова опрема и тоа на следниот начин:

-преку писмена и усна комуникација со јавните здравствени установи (јавните здравствени установи учествуваат во искажување на нивните потреби, членуваат во комисиите за јавни набавки како стручни лица или имаат советодавна улога во нивната работа, редовно информираат за состојбата со опремата);

-преку увид на лице место од страна на вработените во Министерството за здравство;

-преку спроведување на јавна набавка на резервни делови и одржување/сервисирање на опремата;

-преку собирање на податоци за опремата врз основа на кои се изготвуваат информации за Владата на Република Македонија, и

-преку набавката на опремата и пренесувањето на правото на користење на опремата од Министерството за здравство на јавните здравствени установи.

Набавената опрема сметководствено се евидентира во Министерството за здравство од моментот на нејзината набавка до донесувањето на одлука за пренесување на правото на користење на опремата, а потоа истата сметководствено се евидентира во јавната здравствена установа. Оттаму, по испораката и предавањето на опремата од економскиот оператор на Министерството за здравство, а Министерството за здравство на јавната здравствена установа и донесувањето на одлуката за пренесување на правото на користење на опремата, јавните здравствени

установи се надлежни за евидентирање, одржавање и др., на медицинската опрема.

Во прилог на констатацијата дека Министерството за здравство води грижа за опремата е фактот дека Министерството редовно ја информира Владата за состојбата со опремата со доставување на информации на редовна основа. Исто така, аргумент е и измената на Законот за здравствената заштита во насока на градење на систем за евиденција и одржување на целокупната медицинска опрема бидејќи функционалноста на опремата во однос на нејзината исправност се менува секојдневно поради што се преземаат активности како од страна на јавните здравствени установи, така и од страна на Министерството за здравство доколку јавните здравствени установи не се во состојба, односно не се во можност. Со измените и дополнувањата на Законот за здравствената заштита, јавните здравствени установи имаат обврска да се грижат за опремата преку нејзино редовно одржување и сервисирање и нејзино осигурување.

Државниот завод за ревизија во цитираниот нацрт извештај за извршената ревизија на успешност, во точката 3. Квантитативен и квалитативен прием на опремата, дефинирање на начинот и условите на плаќање, гарантен рок, услови за одржување и постгарантен рок, констатира дека има одредени слабости при приемот на опремата со оглед дека при приемот на истата податоците за истата не се наведени во унифициран Записник, туку во документи во кои се наведени различни податоци за истата, што упатува на можност да се прими опрема со техничките карактеристики кои не се согласно техничката спецификација и склучените договори за јавна набавка. Во истата точка е наведено дека за опремата која е предмет на ревизијата не се презентирани Решенија за формирање комисии за прием на истата, ниту записници за квалитативен прием за опремата. Презентирани се документи кои се различно насловени (Протоколи за прием и монтажа на опремата, Потврди за прием на опрема и други ).

Во врска со оваа констатација Ве известуваме дека целокупната опрема предмет на ревизија е набавена, инсталирана и ставена во функција и максимално искористена во функција на граѓаните. Во однос на констатацијата за документот со кој се „докажува" приемот на опремата сметаме дека не е суштинско како ќе се нарече документот со кој се потврдува ставањето во функција на опремата (записник, протокол, извештај...), туку неговата содржина во која секогаш се наведени видот, моделот, количината и сл. на опремата и истата секогаш е потпишана од претставници на ЈЗУ-то корисник (директорот, доктори или инженери како

стручни лица), како и од претставници на МЗ и (државни советници, раководител(и) на сектор, доктори.

Најголем доказ за ова наше тврдење е дека опремата е набавена и инсталирана во ЈЗУ (односно дека опремата е на лице место и истата се користи).

Потребно е да се истакне дека согласно договорите за набавка и техничките спецификации примена е соодветна опрема која е примена согласно протокол кој е дефиниран во МЗ и ЈЗУ, а согласно тендерската документација.

Без оглед на тоа дали Министерството за здравство било обврзано да донесе решенија за прием согласно договорот и тендерска документација или немало таква обврска, изготвувањето и постоењето на записници за прием е сосема доволен доказ дека опремата е примена за што потврдува комисијата.

Понатаму Државниот завод за ревизија во цитираниот нацрт извештај за извршената ревизија на успешност, во точката 3.2., во делот кој се однесува на имплементација на договорите од аспект на начинот и условите за плаќање, констатира состојби на отстапување на плаќање на договорените рати и износи утврдени во дел од договорите, поради што е платена затезна камата, а дел од опремата за која Министерството склучило договори за јавна набавка на нова медицинска опрема, не е целосно испорачана.

Во врска со оваа констатација Министерството за здравство известува дека Министерството и Владата на Република Македонија прават максимални напори да ги сервисираат обврските превземени за набавка на медицинската опрема како и градежните работи поврзани со опремата. Во овој контекст сакаме да истакнеме дека во периодот од 2007 година до денес се инвестирани околу 120.000.000,00 евра во медицинска опрема и толку средства во реконструкција и изградба на јавните здравствени установи. Сакаме да нагласиме дека обврските секогаш се реализираат согласно можностите. Исто така, Министерството за здравство ниту во еден наврат нема платено камата за задоцнето плаќање на медицинската опрема, освен наведеното плаќање од 98.000 евра.

Државниот завод за ревизија во цитираниот нацрт извештај за извршената ревизија на успешност, во точката 4.Обезбедување просторни и функционални услови за поставување и ставање во употреба на опремата, стручен кадар за користење на опремата и давање услуги на граѓаните, констатира состојби на отстапување од договорениот рок на испорака за дел

од опремата опфатена со ревизијата, доцнење на ставање на опремата во употреба и по испорака на истата и можност од поминат гарантен рок пред нејзино пуштање во употреба. Понатаму наведуваат дека овие состојби за дел од опремата се настанати поради ненавремено обезбедени просторни, функционални и други услови за инсталација и пуштање во употреба на набавените медицински апарати.

Во врска со оваа констатација Министерството за здравство сака да нагласи дека се грижи за соодветно инсталирање на новата опрема и ги обезбедува потребните услови за нејзино ставање во употреба, а презема мерки да спречи несоодветно пуштање на опремата во употреба со што превенира да се загрозат условите за нејзино функционирање, околината во која истата се користи, како и неважење на гаранцијата за истата. Согласно тоа Министерството за здравство како добар домаќин ги обезбедил потребните услови за ставање на опремата во употреба за што ефектот од истата е евидентен од заклучокот на ревизијата.

Во однос на точката 4.3. Министерството за здравство сака да информира дека се завршени градежните активности за изградба на бункерот за поставување на линеарниот акцелератор во КБ Штип и во тек е поставување на акцелераторот.

На крај на овој допис, Министерството за здравство сака да изрази задоволство дека Државниот завод за ревизија во ревизорскиот заклучок наведува дека смета дека е постигнато задоволително ниво ценејќи ги сите досегашни активности и мерки преземени од надлежните органи и институции инволвирани во овој проект и дека се создаваат услови за навремена интервентна и квалитетна здравствена заштита на граѓаните на Република Македонија.

Сметаме за корисно да истакнеме дека ако со ревизијата беше опфатен периодот од 2010 до 2014 год. тогаш за да се добие реална претстава за остварените резултати во тој период, овој период треба да се спореди со периодот пред 2010 год. бидејќи состојбата во тој период е почетна состојба која е затечена, односно наследена. Оваа почетна состојба претставува почетна точка како основа за мерење на резултатот од Програма на Владата на Република Македонија за периодот од 2010 до 2014 год. и може да се направи компарација (како било и како е сега) преку презентирање на нејзините резултати. На пример, сакаме да истакнеме дека во периодот заклучно со 2006 година имало амортизираната опрема и тоа само седум компјутерски томографи, една магнетна ресонанса и четири ангиографа кои биле користени за истиот број на пациенти во РМ. Тргнувајќи од оваа состојба, Министерството за здравство во соработка со Владата на Република

Македонија отпочнуваат активности (определување на видот и типот на опрема, специфицирање на истата, обезбедување на просторни услови) што почнува да се реализира од 2010 година. Во овој период во ЈЗУ е набавена и инсталирана медицинска опрема во вредност од најмалку 120 милиони евра. Само за илустрација, во моментот набавени се и инсталирани 17 компјутерски томографи, шест нови магнетни ресонанси и седум нови ангиографи.

Во овој контекст исто така треба да се потенцира дека средствата за набавка на медицинската опрема се обезбедени од Буџетот на Република Македонија, а не преку кредити или заеми, што значи дека Република Македонија не се задолжила за да ја набави медицинската опрема.

Со почит,

**Министер,**

**Никола Тодоров**

**Изготвил: Татјана Васиќ** Бозаџиева
**Одобрил: Јован Грповски**